## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/10, 44/11, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15 и 192/15), во членот 19 по ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:

„(7) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член ја пропишува Агенцијата за супервизија на осигурување."

Член 2

Во членот 32 по ставот (5) се додаваат четири нови става (6), (7), (8) и (9), кои гласат:

„(6) Доказите за исполнување на условите од членовите 23 став (4) точки 2) и 8) и 28 став (1) точка 2) од овој закон се обезбедуваат од евиденцијата на Агенцијата за супервизија на осигурување.

(7) Овластено службено лице од Агенцијата за супервизија на осигурување кое ја води постапката за добивање дозвола за вршење на работи на осигурување е должно доказите од ставовите (1) точка 8) и (2) алинеи 2 и 3 на овој член по службена должност да ги побара од надлежен јавен орган во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(8) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите од ставовите (1) точка 8) и (2) алинеи 2 и 3 на овој член е должно да ги достави до Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(9) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член ја пропишува Агенцијата за супервизија на осигурување."

Член 3

Во членот 134-ѓ по ставот (5) се додаваат три нови ставови (6), (7) и (8), кои гласат:

„(6) Овластеното службено лице од Агенцијата за супервизија на осигурување кое ја води постапката за добивање дозвола за вршење работи на застапување во осигурувањето е должно доказите од ставовите (2) точка 7) и (3) алинеи 2 и 3 на овој член по службена должност да ги побара од надлежен јавен орган во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(7) Овластеното службеното лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите од ставовите (2) точка 7) и (3) алинеи 2 и 3 на овој член е должно да ги достави до Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(8) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член ја пропишува Агенцијата за супервизија на осигурување."

Член 4

Во членот 146 по ставот (3) се додаваат три нови ставови (4), (5) и (6), кои гласат:

„(4) Овластеното службено лице од Агенцијата за супервизија на осигурување кое ја води постапката за добивање дозвола за вршење на осигурително брокерски работи е должно доказите од ставовите (2) точка 7) и (3) алинеи 2 и 3 на овој член кои се обезбедуваат по службена должност да ги побара од надлежен јавен орган во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(5) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите од ставовите (2) точка 7) и (3) алинеи 2 и 3 на овој член е должно да ги достави до Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(6) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член ја пропишува Агенцијата за супервизија на осигурување."

Член 5

Во членот 158-е став (2) во точката 4) во алинејата 4 запирката се заменува со сврзникот „или".

Во алинејата 5 сврзникот „или" се заменува со сврзникот „и".

Алинејата 6 се брише.

Член 6

Во членот 236-к по ставот (1) се додаваат три нови ставови (2), (3) и (4), кои гласат:

„(2) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното службено лице од Агенцијата доколку не донесе решение во роковите утврдени во членот 224 од овој закон.

(3) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното службено лице од Агенцијата, доколку во роковите утврдени со членовите 32 став (7), 134-ѓ став (6) и 146 став (4) од овој закон не ги побара потребните докази.

(4) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган, доколку роковите утврдени со членовите 32 став (8), 134-ѓ став (7) и 146 став (5) на овој закон не ги достави бараните докази."

Член 7

Започнатите постапки до денот на започнувањето со примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој започнале.

Член 8

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 9

Одредбите од членовите 1, 2, 3, 4 и 6 од овој закон ќе започнат да се применуваат со денот на започнувањето со примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).

Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

## L I G J
## PËR NDRYSHIM DHE PLOTËSIM TË LIGJIT PËR SUPERVIZION TË SIGURIMIT

Neni 1

Në Ligjin për supervizion të sigurimit ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/10, 44/11, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15 dhe 192/15), në nenin 19 pas paragrafi (6) shtohet paragrafi i ri (7) si vijon:

"(7) Formën dhe përmbajtjen e kërkesës nga paragrafi (1) të këtij neni i përcakton Agjencia për Supervizion të Sigurimit."

Neni 2

Në nenin 32 pas paragrafit (5) shtohen katër paragrafë të rinj (6), (7), (8) dhe (9) si vijon: